РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-7056/2
30-03-2022

Врз основа на член 22 став 7 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), ДКСК постапувајќи по пријава од непознат подносител со наводи за постоење на судир на интереси на 63 – седница одржана на ден 15.03.2022 година донесе

**О д л у к а**

Пријавата за покренување постапка за утврдување состојба на судир на интереси со бр. 09-7056/1 од 16.12.2021 година доставена од непознат подносител, СЕ ОТФРЛА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за надлежно постапување по предметот со број 09-7056/1 од 16.12.2021година.

Предметот со број 09-7056/1 од 16.12.2021 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во анонимизирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-7056/1 од 16.12.2021 година е оформен врз основа на пријава од непознат подносител за издавање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост по пат на електронско јавно надавање.Предметот на јавниот оглас според наводите е средено само за еден правен субјек и тоа е --------- од Тетово.

По разгледување на пријавата, ДКСК утврдува дека во конкретниот случај нема начин да се потврди судир на интереси поради фактот што во пријавата немаше доволно податоци за постапување.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Имајќи го во предвид погоре изнесеното, на седница одржана на ден 15.03.2022 година ДКСК констатира дека нема елементи за свое надлежно постапување, па поради тоа одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на ДКСК.
Изработил: Е.М, советник
Контролирал: К.З, раководител
Одобрил: С.П.Д - член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**